Бр: 03-149/3
Скопје: 23.08.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1069/1 од 20.07.2022 година (Наш број 03-149/1 од 21.07.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 23.08.2022 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со Барање на мислење бр. 13-1069/1 од 20.07.2022 година (во натамошниот текст „Барање на мислење„), ја извести Комисијата за заштита на конкуренцијата дека Друштвото за производство, трговија и услуги ВИК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп, како корисник на државна помош и втора договорна страна согласно Договорот за доделување на државна помош со бр. 09-8623/1 од 23.09.2020 година и Анекс договор бр. 1 со бр. 13-528/1 од 23.03.2022 година планира да ја зголеми инвестицијата како и бројот на нови работни места предвидени во Договорот за доделување на државна помош за реализација на вториот инвестициски проект. Оваа државна помош е одобрена со Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата со УП бр. 10-66 од 08.07.2020 година Имено, новата инвестиција согласно ревидираниот Деловен план со бр. 13-905/1 од 13.06.2022 година, доставен до Дирекцијата за ТИРЗ е зголемена на 16.100.000 ЕУР од 2.500.000 ЕУР како оправдани инвестициски трошоци а бројот на нови работни места е зголемен на 130 од 100 во периодот месец јуни 2025 година.

Во Барањето на мислење наведено е дека заради навремена реализација на инвестицијата како и креирање на нови работни места, изразена е потреба за доделување на дополнителна државна помош за реализација на вториот инвестициски проект. Исто така, во барањето на мислење е наведено дека заради зголемувањето на параметрите започнати се преговори за склучување на Анекс договор бр. 2 кон Договорот за доделување на државна помош, под услови утврдени во Законот за контрола на државната помош и Уредбата за регионална помош, кој би ја

содржел дополнителната државна помош. Воедно, наведено е дека промената на постојната државна помош резултира **со зголемување над 20% на буџетот на постојната помош, чие доделување е одобрено со Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата со УП бр. 10-66 од 08.07.2020 година.**

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа предлог Анексот договор бр. 2.

Во врска со наведеното Барање на мислење по однос на прашањето дали е потребно до Комисијата за заштита на конкуренцијата да се достави известување за промена на постојната државна помош согласно член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), Комисијата за заштита на Конкуренцијата **смета дека има потреба од дополнително известување.**

Согласно член 3 став (3) од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11) известување за промена на постојната државна помош се доставува до Комисијата за заштита на конкуренцијата доколку има зголемување над 20% од буџетот на постојаната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на Комисијата; продолжување на времетраењето на постојната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на Комисијата, за период до шест години, со или без зголемување на буџетот и заострување на критериумите за примена на постојната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на Комисијата, намалување на интензитетот на помошта или намалување на обемот на оправданите трошоци кои се надоместуваат со шемата.

Имајќи ја во предвид горенаведената законска рамка и со оглед на фактот дека промената на постојната државна помош резултира со зголемување над 20% на буџетот на постојната помош, чие доделување е одобрено со Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата со УП бр. 10-66 од 08.07.2020 година ,**давателот на државната помош треба до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за промена на постојната државна помош на образец за поедноставено известување даден во Прилог 2, кој е составен дел на Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош.**

Воедно, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со дополнување на барање на мислење бр.13-1069/2 од 04.08.2022 година го

достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата Анекс договорот бр.1 со бр. 13-528/1 од 21.03.2022 година, со кој е направена измена во називот на првата договорна страна, за кој Владата донесе одлука со бр.41-187/1 од 08.03.2022 година. Имено, согласно член 1 од овој Анекс, првата страна сега гласи: **Владата на Република Северна Македонија**, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со седиште на бул.„Партизански одреди" бр. 2, Скопје, Република Северна Македонија, во согласност со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-187/1 од 08.03.2022 година, преку директорот г. Јован Деспотовски, со живеалиште на ул.„Франклин Рузвелт" бр. 5-11, Скопје, Република Северна Македонија ( како "Прва страна"). Во дополнувањето на барањето на мислење бр. 13-1069/2 од 04.08.2022 година, наведено е дека за сé она што не е предвидено со Анекс договорот бр. 1 ќе се применуваат останатите одредби од Договорот за доделување на државна помош бр. 09-8623/1 од 23.09.2020 година.

Со оглед на тоа, согласно член 3 став (1) од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11) Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека овие измени **претставуват промена од формално –административна природа.**

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 24 од Законот за контрола на државната помош го врши надзорот за доделената дозволена државна помош во претходната година на основа на годишен извештај кој секој давател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година да го достави до Комисијата.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**